ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

"Сл.весник на Р Македонија"број 49/2000 од 21 јуни 2000 година.

Член 1

Во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" број 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99 и 81/99), во членот 18-а по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Кога во договорот е утврдено дека отплатата на акциите е на рати, купувачот е должен да заснова заложно право врз својот имот сразмерно на вредноста на акциите што ги откупува."

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

Во членот 22 став 1 точката 6) се брише.

Член 3

Во членот 48 став 2 точката 6) се брише.

Во ставот 3 зборовите: "и непосредна спогодба" се бришат.

Член 4

Членот 51 се брише.

Член 5

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" број 25/99), членот 38, Главата ВИ-а Продажба на претпријатието со непосредна спогодба и членовите 86-а, 86-б, 86-в и 86-г се бришат.

Член 6

Во членот 95 се додава нов став 3, кој гласи:

"Начинот и постапката за продажба на акциите и уделите од став 1 на овој член, поблиску ги пропишува Владата на Република Македонија."

Член 7

Во членот 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на Претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" број 25/99), во став 3 во вториот ред и став 5 во вториот ред по зборовите: "Министерство за финансии се додава цртичка и зборовите:

"Управата за јавни приходи".

Член 8

Во членот 101 став 1 точките 7-а и 10-в се бришат.

Член 9

По членот 101 се додава нов член 101-а, кој гласи:

"Член 101-а

Овластеното лице во трговското друштво за водење на книга на акции, односно книга на удели, што ќе одбие да изврши запишување на акциите, односно уделите во книгата на акции односно книгата на удели, на акциите односно уделите на кои физичко или правно лице има право на тоа по било која законска основа и не издаде потврда со сите промени на бројот и номиналната вредност на уделите, односно акциите, ќе се казни со парична казна или казна затвор до една година."

Член 10

Се овластува Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".